Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија(„Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06,03/09,18/10,15/14,15/18, 06/19 и 08/21), на предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден_.01.2026 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на претседател, заменик претседател, членови и заменик членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на јавното претпријатие „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес**

1. За членови на Комисијата за селекција за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на јавното претпријатие „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес, се именуваат:

- _____________, претседател, вработен во Општина Велес;
- _______________, заменик претседател, вработен во Општина Велес;
- _________, член, вработен во Одделение за управување со човечки ресурси во Општина Велес;
- _________, заменик член, вработен во Одделение за управување со човечки ресурси во Општина Велес;
- ______________, член, вработен во јавното претпријатие „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес;
- __________, заменик член, вработен во јавното претпријатие „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес.

2. Мандатот на членовите од точка 1 на ова Решение изнесува четири (4) години.

3. Ова Решение влегува во осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Согласно член 17-а став 4 од од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24): „За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината и Градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општината односно градоначалникот на Градот Скопје, Советот на општината, односно Советот на Градот Скопје, формира Комисија за селекција составена од: претседател и негов заменик, од редот на вработените во општината, односно во Градот Скопје, еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината, односно во Градот Скопје, од која е основано јавното претпријатие и еден член и негов заменик, вработени во јавното претпријатие за кое е објавен повик за пројавување интерес за пријавување на кандидатите“ и член 26- а: „Во постапката за именување и разрешување на членови во надзорниот одбор во јавното претпријатие се применуваат одредбите на членовите 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17д и 17-ѓ од овој закон кои се однесуваат на постапката за именување и разрешување на членови на управен одбор“.

Советот на Општина Велес донесе Решение за формирање Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес со бр.25-2123/21 од 27.04.2023 година и Решенија за именување член во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес со бр.25-3016/31 од 28.05.2025 година и бр.25-4986/15 од 13.12.2024 година.

На ден 22.01.2026 година до Советот на Општина Велес, од страна на ЈП„Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес доставено е Известување дека членот Борислав Костадиновски не е повеќе вработен во јавното претпријатие поради исполнување на услови за старосна пензија, а за останатите членови поради зголемен обем на работни обврски им престанува мандатот.

Согласно ова, потребно е да се именуваат нови членови на Комисија за селекција за избор на членови во надзорен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес.

Врз основа на горенаведеното се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

**Општина Велес**

---

**From:** JPSSO PARK-SPORT, VELES <jpssoparksportveles@gmail.com>
**Sent:** четврток, 22 јануари 2026 14:49
**To:** Општина Велес
**Cc:** Анита Пивкова
**Subject:** информација

Почитувана,
Ве известуваме дека Борислав Костадиновски, потранешен вработен во ЈП „Парк - Спорт и Паркизни" Велес, веќе не е во редовен работен однос поради исполнување на условите за старосна пензија од 07.11.2025 година. Истиот не може повеќе да бдие член и Заменик член на комисиите за селекција за избор на членови во Упаравниот и Надзорниот одбор на ЈП.

Како лица кои можат да бидат членови односно заменик членови во новоформираната комисија се Димче Велев и Горан Дончов.

Со почит,
Диме Велев